**20242464335**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐☐

☐Врз основа на член 438 алинеја 9), член 427 став (1), а во врска со член 128 став (7), член 127 став (8), член 125 став (7) и член 124 став (8) од Законот за финансиски инструменти (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29.11.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ДОБИВАЊЕ И ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР И НА ИНВЕСТИЦИСКИ СОВЕТНИК

## Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за формата, содржината на барањето и потребната документација во постапката за добивање и за обновување на одобрение за работење на брокер и на инвестициски советник (во понатамошниот текст: Правилник) се пропишува формата и содржината на барањата и потребната документација за добивање или за обновување на одобрение за работење на брокер и одобрение за работење на инвестициски советник.

Член 2

По барањето за добивање или за обновување на одобрението за работење на брокер, односно по барањето за добивање или за обновување на одобрението за работење на инвестициски советник, Комисијата за надзор на пазарот на капитал (во понатамошниот текст: Комисија) одлучува во рок од 30 дена од денот на доставувањето на комплетно барање со донесување на решение.

## Форма и содржина на барањето за добивање на одобрение за работење на брокер и/или одобрение за работење на инвестициски советник

Член 3

(1) За добивање на одобрение за работење на брокер и/или одобрение за работење на инвестициски советник, до Комисијата се поднесува барање во писмена или во електронска форма.

(2) Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишаните обрасци (Образец-1) “Барање за добивање на одобрение за работење на брокер” и/или (Образец-2) “Барање за добивање на одобрение за работење на инвестициски советник" кои се составен дел на овој Правилник.

(3) Образците од став 2 на овој член треба да се пополнети целосно, уредно, читливо, без корекции и да бидат потпишани со своерачен потпис на подносителот ако барањата се поднесуваат во писмена форма или со квалификуван дигитален сертификат ако барањата се поднесуваат во електронска форма.

(4) Барањето за добивање на одобрение за работење на брокер (Образец-1) во прилог треба да ја содржи документацијата пропишана со член 4 на овој Правилник.

(5) Барањето за добивање на одобрение за работење на инвестициски советник (Образец-2) треба да ја содржи во прилог документацијата пропишана со член 5 на овој Правилник.

**Документација за добивање на одобрение за работење на брокер**

Член 4

(1) За добивање на одобрение за работење на брокер, кон барањето се поднесува следната документација:

а) кратка биографија на подносителот на барањето со податоци за степенот на стручната подготовка (стекнато образование и стручно усовршување) и работното искуство;

б) доказ дека подносителот на барањето е вработен во инвестициско друштво, банка (кредитна институција), пазарен оператор или во овластен депозитар;

в) доказ не постар од 30 дена дека против подносителот на барањето не се изрекувани судски пресуди во кривични постапки или изречени казни, прекршоци и забрани додека траат правните последици од делата;

г) доказ за уплатен надомест за разгледување и одлучување по барањето за добивање на одобрение за работење на брокер утврден со Тарифникот на Комисијата.

(2) Од сопствената евиденција, Комисијата обезбедува доказ дека подносителот на барањето има положено стручен испит за работење со хартии од вредност.

**Документација за добивање на одобрение за работење на инвестициски советник**

Член 5

(1) За добивање на одобрение за работење на инвестициски советник, до Комисијата кон барањето се поднесува следната документација:

а) кратка биографија на подносителот на барањето со податоци за степенот на стручната подготовка (стекнато образование и стручно усовршување) и работното искуство;

б) доказ дека подносителот на барањето е вработен во инвестициско друштво, банка (кредитна институција), пазарен оператор, овластен депозитар или во друштвото за управување со инвестициски фондови;

в) доказ дека подносителот на барањето има најмалку три години работно искуство од областа на финансиите;

г) доказ не постар од 30 дена дека против подносителот на барањето не се изрекувани судски пресуди во кривични постапки или изречени казни, прекршоци и забрани додека траат правните последици од делата;

д) доказ за уплатен надомест за разгледување и одлучување по барањето за добивање на одобрение за работење на инвестициски советник утврден со Тарифникот на Комисијата.

(2) Од сопствената евиденција, Комисијата обезбедува доказ дека подносителот на барањето има положено стручен испит за вршење инвестициско советување.

**Обновување на одобрение за работење на брокер и/или одобрение за работење на инвестициски советник**

Член 6

(1) Брокерот, односно инвестицискиот советник е должен да го обновува одобрението за работење секоја петта година.

(2) Брокерот, односно инвестицискиот советник ја отпочнува постапката за обновување на одобрението за работење најдоцна два месеца пред истекот на рокот за кој е издадено одобрението за работење на брокер, односно инвестициски советник.

(3) Доколку, брокерот односно инвестицискиот советник не го достави барањето најмалку два месеца пред истекот на одобрението, ќе треба да поднесе барање за добивање на ново одобрение за работење на брокер, односно барање за добивање на ново одобрение за работење на инвестициски советник.

(4) Обврската за обновување на одобрението за работење на брокер односно инвестициски советник се однесува на лицата вработени како брокери односно како инвестициски советници во инвестициско друштво, банка (кредитна институција), пазарен оператор, овластен депозитар или во друштво за управување со инвестициски фондови.

**Формата и содржината на барање за обновување на одобрение за работење на брокер**

Член 7

(1) За обновување на дадено одобрение за работење на брокер до Комисијата се поднесува барање во писмена или во електронска форма.

(2) Барањето од став 1 на овој член се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишаниот (Образец-3) „Барање за обновување на одобрение за работење на брокер”, кој е составен дел на овој Правилник.

(3) Образецот од став 2 на овој член треба да е пополнет целосно, уредно, читливо, без корекции и да биде потпишан со своерачен потпис на подносителот на барањето ако барањето се поднесува во писмена форма или со квалификуван дигитален сертификат ако барањето се поднесува во електронска форма.

(4) Барањето треба да ја содржи во прилог документацијата пропишана со член 8 на овој Правилник.

**Документација за обновување на одобрение за работење на брокер**

Член 8

(1) За обновување на одобрението за работење на брокер, до Комисијата кон барањето се поднесува следната документација:

а) кратка биографија на подносителот на барањето со податоци за степенот на стручната подготовка (стекнато образование и стручно усовршување) и работното искуство;

б) доказ дека подносителот на барањето е вработен во инвестициско друштво, банка (кредитна институција), пазарен оператор или овластен депозитар;

в) доказ не постар од 30 дена дека против подносителот на барањето не се изрекувани судски пресуди во кривични постапки или изречени казни, прекршоци и забрани додека траат правните последици од делата;

г) изјава на подносителот на барањето дадена пред нотар за изречени мерки и санкции во последните пет години, од страна на било кој орган или институција не вклучувајќи ја Комисијата, во врска со работењето со хартии од вредност согласно пропишаниот (Образец-6) „ Изјава за изречени мерки и санкции“;

д) изјава на подносителот на барањето дадена пред нотар со која тој изјавува дали врши други активности директно или индиректно поврзани со хартии од вредност за кои добива

надомест, со наведување на тие активности, согласно пропишаниот (Образец-8) „Изјава за други активности“ и

ѓ) доказ за уплатен надомест за разгледување и одлучување по барањето за обновување на одобрението за работење на брокер утврден со Тарифникот на Комисијата.

(2) Изјавите од став 1, точка г) и д), не се заверуваат на нотар, доколку од страна на подносителот се доставени до Комисијата во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат.

**Формата и содржината на барање за обновување на одобрение за работење на инвестициски советник**

Член 9

(1) За обновување на одобрението за работење на инвестициски советник, до Комисијата се поднесува барање во писмена или во електронска форма.

(2) Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишаниот (Образец-4) “Барање за обновување на одобрение за работење на инвестициски советник" кој е составен дел на овој Правилник.

(3) Образецот од став 2 на овој член треба да е пополнет уредно, читливо, без корекции и да биде потпишан со своерачен потпис на подносителот на барањето ако барањето се поднесува во писмена форма или со квалификуван дигитален сертификат ако барањето се поднесува во електронска форма.

(4) Барањето треба да ја содржи во прилог документацијата пропишана со член 10 на овој правилник.

Документација за обновување на одобрение за работење на инвестициски советник

Член 10

(1) За обновување на одобрението за работење на инвестициски советник, до Комисијата кон барањето се поднесува следната документација:

а) кратка биографија на подносителот на барањето со податоци за степенот на стручната подготовка (стекнато образование и стручно усовршување) и работното искуство;

б) доказ дека подносителот на барањето е вработен во инвестициско друштво, банка (кредитна институција), пазарен оператор, овластен депозитар или во друштвото за управување со инвестициски фондови;

в) доказ не постар од 30 дена дека против подносителот на барањето не се изрекувани судски пресуди во кривични постапки или изречени казни, прекршоци и забрани додека траат правните последици од делата;

г) изјава на подносителот на барањето дадена пред нотар за изречени мерки и санкции во последните пет години од страна на било кој орган или институција не вклучувајќи ја Комисијата, во врска со инвестициското советување согласно пропишаниот (Образец-6) "Изјава за изречени мерки и санкции",

д) изјава на подносителот на барањето дадена пред нотар со која тој изјавува дали врши други активности директно или индиректно поврзани со инвестициското советување за кои добива надомест, со наведување на тие активности, согласно пропишаниот (Образец-8) "Изјава за други активности",

ѓ) доказ за уплатен надомест за разгледување и одлучување по барањето за обновување на одобрение за работење на инвестициски советник утврден со Тарифникот на Комисијата.

(2) Од сопствената евиденција Комисијата обезбедува доказ дека подносителот на барањето има положено стручен испит за вршење на инвестициско советување.

(3) Доказот од став 1, точка в), Комисијата го прибавува по службена должност или врши увид во доказот доставен од страна на странката.

(4) Изјавите од став 1, точка г) и д), не се заверуваат на нотар, доколку од страна на подносителот се доставени до Комисијата во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат.

**Останати одредби**

Член 11

Подносителот на барањето задолжително дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги собира, обработува и чува доставените лични и други податоци во постапката за прибавување на потребните потврди од други институции по службена должност која е составен дел на овој Правилник (Образец-5) “Изјава-документи/добивање” во постапката за добивање на одобрение за работење на брокер или на инвестициски советник и (Образец-7) “Изјава-документи/обновување” во постапката за обновување на одобрението за работење на брокер или на инвестициски советник.

Член 12

(1) Документацијата која се поднесува кон барањето за добивање или за обновување на одобрение за работење на брокер или на инвестициски советник треба да биде доставена во оригинал или нотарска заверена копија, доколку не е поинаку предвидено со овој правилник.

(2) За одлучување по поднесеното барање, Комисијата може да побара допрецизирање на веќе доставената документација, доставување на дополнителна документација, а може да собира, обработува и чува и друга документација со која располага Комисијата за подносителот на барањето.

(3) Комисијата при одлучувањето за добивање на одобрение за работење на брокер или на инвестициски советник ќе ги има предвид и изречените мерки и санкции за подносителот во врска со работењето со хартии од вредност, односно во врска со нудење на услугата инвестициско советување, доколку подносителот на барањето претходно поседувал одобрение за работење на брокер и/или на инвестициски советник.

**Преодни и завршни одредби**

Член 13

Со влегување во примена на овој Правилник, престануваат да важат Правилникот за формата, содржината на барањето и потребната документација за добивање на дозвола за работа на брокер и дозвола за работа на инвестиционен советник („Службен весник на РСМ“ бр. 75/2021) и Правилникот за формата и содржината на барањето и постапката за обновување на дозволата за работење на брокер и обновување на дозвола за работа на инвестиционен советник („Службен весник на РСМ“ бр. 63/2021) и Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистар на овластени правни лица за вршење услуги со хартии од вредност и нивните експозитури, Регистар на друштва за

инвестиционо советување, Регистар на брокери и Регистар на инвестициони советници („Службен весник на РСМ“ бр. 120/2021).

Член 14

Правилникот за формата, содржината на барањето и потребната документација во постапката за добивање и за обновување на одобрение за работење на брокер и на инвестициски советник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на влегување на сила на Законот за финансиски инструменти (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024).

Број 01-790/1
29 ноември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.